# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ – ГРАДСКО

- **Период: 01.01-31.12.2022 г.**

Република Северна Македонија
Национална установа за управување со археолошкиот локалитет СТОБИ - Градско
Бр. 01-109/13
28.03 2023 год.
ГРАДСКО

## ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

**Стоби, март 2023 год.**

# II ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## 1. Проект - Соработка и дисеминација преку имерзивно раскажување на културното наследство во Западен Балкан

Од месец јануари 2022 г. до месец јуни 2022 г., во рамки на проектот Immersive Storytelling Driven Cooperation, беа реализирани повеќе активности: дизајнирани се нови инфо табли за археолошкиот локалитет Стоби; во Скопје и Љубљана се реализирани хакатони за добивање на креативно решение за формирање на ново искуство во туристичката презентација на Стоби, Емона и Виминциум; испечатени се репрезентативни материјали за хакатонот во Скопје; изработено е сценарио за новото искуство кое ќе биде дел од мобилната апликација Immersium; изработени се приказната и припремите за реконструкциите на градбите кои ќе бидат вклучени во новото искуство.
Од 29.08 до 04.09.2022 во Стоби се одржа работилница во склоп на проектот Immersive Storytelling Driven Cooperation. Оваа работилница беше една од трите предвидени на три архолошки локалитети: првата во Стоби, втората во Емона (Љубљана) во Словенија и третата на археолошкиот локалитет Виминациум во Србија. Работилницата се одржа првично со цел тестирање на првата верзија на новото дигитално искуство за презентација на богатите содржини кои ги нуди Стоби, во форма на мобилна апликација – гејмифициран водич низ селектирани содржини на локалитетот. На работилницата учествуваа предавачи од Македонија, Грција и Словенија, а претставени беа примери на слични содржини каде што учесниците се запознаа со можностите и искуствата од веќе изработени слични апликации на локалитети низ Европа и светот. На работилницата учествуваа професионалци од Словенија, Србија, Бугарија, Албанија, Црна Гора и Норвешка. Учесниците детално се запознаа со дигиталните, физичките и комерцијалните капацитети на Стоби. Тие учествуваа и во изработка на нови содржини за дигитална презентација на содржините на локалитетот, кои ќе бидат земени предвид во изработка на проекти за промоција на Стоби во иднина.
Во Октомври имавме посета од страна на работна група од Европската унија која имаше можност од прва рак да го тестира новото искуство. Во оваа пригода беше презентирано и виртуелното искуство во римскиот театар во Стоби, продукт на претходен проект финансиран од Европската комисија.
Во Ноември одржавме прес конференција за пуштање во употреба на новото дигитално искуство за презентација на содржини на Стоби (мобилната апликација Immersium), на која присуствуваа повеќе од 50 посетители и покрај лошите временски услови. По оваа промоција следеа 3 дена на отворени врати на локалитетот како дел од предвидените проектни активности. Во Декември се сумираа сите активности од претходните две години и беа припремени и средени финансиските детали и беа искомуницирани со ревизори.

**- Финансиски извештај (образец бр.4) во прилог**

## 2. Проект - Еуропос - Палатино - Стоби Европско минато и идни културни.вредности

Проектот опфаќа реализација на три проекти и тоа Санација и реконструкција на Стара Железничка станица во Центар за посетители, уредување на паркинг просторот на влезот на археолошкиот локалитет Стоби и изработка на студија за археолошки локалитети.

Проектот вклучува одржување на конференции и работилници со сите партнери – корисници на финансиски средства добиени со овој грант.

Во втората половина на годината, спроведен е тендер за изработка на студија за археолошки локалитети. Извршени се административни работи кои вклучуваат пополнува на МИС системот, преписка и продолжување на времетрањето на проектот како и подготовка и консултации за следните активности.

- **Финансиски извештај (образец бр.4) во прилог.**

## 3. Проект – Школа за конзервација и документација на римска и доцноримска керамика и стакло 2022

Школата за конзервација и документација на римска и доцноримска керамика и стакло, организирана од Национална установа Стоби, Р.С.Македонија и Фондација Балканско Наследство, Р. Бугарија се реализираше на археолошкиот локалитет Стоби од 4 до 24 јуни 2022 година. Учествуваа четворица учесници, тројца од Соединетите Американски држави и еден од Велика Британија. Првата работна недела (06 - 10.06) беше започната со лекции кои се однесуваа на следниве теми: патот на археолошките наоди од терен до депо, методи на изработка и декорација на керамички садови низ одредени археолошки периоди, типологија на римска керамика, методи и техники на конзервација и реставрација на керамика. Со цел учесниците да ги научат техниките на реставрација како и особините на материјалите кои ги користиме за таа цел, во преостанатиот период од првата работна недела работеа на спојување, лепење и реконструкција на нови керамички садови. Покрај овие активности, доста интересна беше посетата на грнчарска работилница во Велес со традиција подолга од еден век, каде што секој имаше можност да изработи сад од глина на грнчарско тркало.

Во периодот од (09 - 16.06), во попладневните часови, учесниците имаа можност да совладаат методи за изработка на техничка документација на керамика. Изработена беше техничка документација на фрагменти керамика, на цели керамички садови како и на една од теракотните фигурини која беше предмет на конзервација во рамки на оваа школа.

На 12.06. (недела) преку еднодневна екскурзија, учесниците посетија повеќе знаменитости во градот Охрид како на пр. дел од движното наследство и околината имаа можност да го видат во Музејот во куќата на Робевци, црквата Света Софија, античкиот театар, дел од археолошките градби на Плаошник и др.

Во текот на втората работна недела од школата (13-17.06) учесниците работеа на конзервација на керамички садови и теракотни фигурини. На три керамички садови

беше извршено отстранување на соли, неутрализација, сушење и лепење на фрагментите. Седум керамички садови беа реконзервирани, а наслагите од нечистотија и соли кај четири теракотни фигурини беа третирани по механички пат и со тампонирање. Реконструкции на автентични керамички садови не беа вршени.

На 17.06 (петок) учесниците преку организирана екскурзија го посетија локалитетот Хераклеја и градот Битола, а на 19.06 (недела) локалитетите Пела и Вергина во Р.Грција.

Третата работна недела од (20 - 23.06) беше започната со лекции кои се однесуваа на антички технологии на изработка на стаклени садови и методи и техники на конзервација и реставрација на стаклени садови. Во текот на останатите денови учесниците имаа можност да работат на реставрација на стакло. Овој процес се состои од составување на фрагменти, стабилизирање со омега куки, нанесување на синтетичка смола, отстранување на куките и чистење на површината од употребените материјали. Секој од учесниците успеа да состави (залепи) по еден новоизработен стаклен сад. На учесниците им беше извршена демонстрација на изработка на двостран калап за директно лиење на дел од сад кој недостасува како една опција за реконструкција на стаклен сад. Од страна на учесниците беше спроведено чистење на наслаги на четири автентични стаклени садови по што некои беа консолидирани. Сите спроведени конзерваторски работи се објаснети и запишани во Restoration history форми. Во текот на конзервацијата, се изработуваше и официјална фотодокументација пред и после секоја фаза.

## 4. Проект - Меѓународната школа за документација и конзервација на Римски мозаици 2022 година

Националната установа Стоби е домаќин на меѓународната школа за конзервација на мозаици (Workshop for Documentation and Conservation of Roman Mosaics) која се организира секоја година во соработка со фондацијата „Балканско наследство" од Р. Бугарија. Оваа година конзерваторските активности кои беа вклучени во школата се одвиваа во периодот од 04-24.06.2022 година, а предмет на конзервација како и во претходните две години беше подниот мозаик од Просторија 1 во Куќата на Партениј. Превентивните мерки за заштита на овој мозаик започнаа во рамки на летната школа во 2017 година.

Конзерваторските активности започнаа со чистење на мозаичката површина по што беше извршен детален увид во состојбата на мозаикот како и изработка на техничкадокументација за оштетувањата кои се видливи како и за претходните конзерваторски интервенции. На повеќе места каде што имаше оштетени и нестабилни делови од теселатумот (околу ланкуните и рабовите на мозаикот), се изврши фиксирање на мозаичката површина со помош на гази залепени со 10% раствор на paraloid B72 во ацетон. Оваа постапка овозможи непречено одвивање на следните конзерваторски активности, а тоа е отстранување на цементниот малтер од лакуните и рабовите на мозаикот, како и отстранување на земјата и корењата кои се наоѓаат под самиот теселатум и значително го оштетиле или уништиле нуклеусот на мозаикот. Сочуваните делови од нуклеусот беа консолидирани со 5% раствор од Acril 33 во вода во неколку слоевисе додека не се добија посакуваните резултати односно доволно

цврста подлога, по што сите празнини под теселатумот беа исполнети со малтер кој има сличен состав на оригиналниот малтер од нуклеусот (1 дел гасена вар, 1.5 делови ситна песок, 1.5 делови дробена тула). По завршувањето на оваа постапка, газите кои беа налепени на мозаичката површина внимателно се отстрануваа со помош на чист ацетон. Еден дел од мозаикот со големин од околу 1м2 беше парцијално подигнат од подлогата со помош на газа и paraloid B72 бидејќи оригиналниот малтер беше комплетно деградиран и тесерите беа разнишани а некои од нив и целосно изместени од оригиналната местоположба. По оттранувањето на деградираниот малтер следуваше консолидација и нанесување на нов малтерен слој во кој беше втиснат сегментот зачувувајќи ја оригиналната местоположба како и нивото на кое се наоѓаше пред конзерваторските интервенции. Преземените мерки беа извршени со цел да се стабилизира и да се зацврсти мозаичката структура а тоа ни овозможи да продолжиме со детално чистење на мозаичката површина каде што има цврсти наслаги од различни видови на нечистотии кои го покриваат теселатумот. Слоевите од калцификација како и наслагите од битумен (кои настанале најверојатно од битуменска хартија која била користена за покривање на мозаиците во минатото) ја покриваат целата источна половина од мозаикот. Имајќи го предвид времето кое го имаме на располагање за време на школата, извршивме само делумно отстранување на овие наслаги во северо-источниот дел од мозаикот. Чистењето се одвиваше по механички пат, со употреба на медицински скалпели и со триење на мозаичката површина со ситна песок.

Во теренските активности беа вклучени George Bevan и Kristen Jones, кои воедно одржаа предавање и практична настава за основните принципи и методи за работа со тотална станица и изготвување на фотограметриски 3Д модели.

Превентивните мерки кои беа преземени на мозаикот од Куќата на Партениј во текот на оваа летна школа само ги надополнија резултатите од претходните години и значително ја подобрија неговата стабилност, а воедно придонесоа и кон подобрување на визуелниот изглед на мозаикот. Но, имајќи ја предвид исклучително лошата состојба во која се наоѓа овој мозаик, се препорачува конзерваторските активности да продолжат и во следните години, а во меѓувреме мозаикот да биде покриен со песок.

Покрај *in situ* конзервацијата, во деновите кога немаше услови за теренска работа, учесниците беа вклучени и во тековниот проект на НУ Стоби за конзервација и реставрација на фрагменти од ѕидниот мозаик кој беше пронајден во просторија блискудо храмот на Изида. Во рамките на овој проект се работеше на отстранување на стариот малтер од задната страна на мозаиците и нивно косолидирање и спојување.

Во рамки на школата беа организирани и три екскурзии: во Битола беше посетен градскиот музеј и археолошкиот локалитет Хераклеја Линкестис; во Охрид беа посетени локалитетите „Манчевци“ и „Плаошник“, како и дел од средновековните цркви во градот а во Р. Грција беа посетени музеите и локалитетите во Пела и Вергина.

Работите за време на школата се одвиваа во најдобар ред и без никакви посериозни проблеми од сите инволвирани страни.

5. **Проект – Меѓународна летна школа за археологија**

Согласно добиената дозвола од Управата за заштита на кутлурното наследство за вршење на археолошко истражување на просторот на археолошкиот локалитет Стоби, археолошките исражувања се извршени со стручен тим од НУ Стоби и 12 учесници.

## III ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

1. **Сопствени приходи од туристичката презентација на археолошкиот локалитет Стоби**

- Финансиски средства: Приходите се остварени од продажба на влезници и од сувенири и комерцијални копии од археолошки наоди.

- Вкупно приходи од продажба на влезници , сувенири и комерцијални копии од археолошки наоди изнесува 930.794,00 денари.

- Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, археолошкиот локалитет Стоби го посетиле вкупно 7976 лица, од кои 2226 домашни и 5475 странски гости (од нив бесплатен влез на локалитетот имале вкупно 160 домашни лица и 115 странски гости). Слободен влез добиле лицата кои се членови на ICOM, ICOMOS, хендикепирани лица, новинари, археолози, водичи, учителки, деца до 6 години и бездомници.

- **Финансиски извештај (образец бр.4) во прилог.**

Стоби, 27.03.2023 год.

Спасе Перовски
директор